Уп. бр.08-102

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Јунајтед Медиа С.а.р.л. (United Media S.à.r.l.), со регистрирано седиште на адреса 6, руе Жан Моне, Л-2180, Луксембург и Хостафрано Лимитед (Hostafrano Limited) со канцеларии на адреса Арх. Макариоу III, 58, ИРИС ТАУЕР, 8ми кат, 1075 Никозија, Кипар, поднесено преку адвокат Божидар Милошевиќ од Скопје, на седницата одржана на ден 23.08.2022 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Јунајтед Медиа С.а.р.л. (United Media S.à.r.l.), со регистрирано седиште на адреса 6, руе Жан Моне, Л-2180, Луксембург и Хостафрано Лимитед (Hostafrano Limited) со канцеларии на адреса Арх. Макариоу III, 58, ИРИС ТАУЕР, 8ми кат, 1075 Никозија, Кипар стекнуваат заедничка контрола над Адеба Инвестментс Лимитед (Adeba Investments Limited) со канцеларии на адреса Арх. Макариоу III, 58, ИРИС ТАУЕР, 8 ми кат, 1075 Никозија, Кипар, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 12.07.2022 година, а дополнето на 11.08.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Јунајтед Медиа С.а.р.л. (United Media S.à.r.l.), со регистрирано седиште на адреса 6, руе Жан Моне, Л-2180, Луксембург и Хостафрано Лимитед (Hostafrano Limited) со канцеларии на адреса Арх. Макариоу III, 58, ИРИС ТАУЕР, 8ми кат, 1075 Никозија, Кипар, со која Јунајтед Медиа С.а.р.л. Луксембург и Хостафрано Лимитед Никозија, Кипар, стекнуваат заедничка контрола над Адеба Инвестментс Лимитед (Adeba Investments Limited) со канцеларии на адреса Арх. Макариоу III, 58, ИРИС ТАУЕР, 8 ми кат, 1075 Никозија, Кипар.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото, го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Јунајтед Медиа е во крајна сопственост на фондови советувани од БЦ Партнерс, меѓународен инвестициски фонд со седиште во Лондон. БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секојдневните деловни активности на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори. БЦ Партнерс е меѓународен инвестициски фонд кој нуди избрани, фокусирани инвестициони стратегии наменети да се дополнуваат една со друга и да создаваат добивка во корист на своите инвеститори.

Дополнително, Јунајтед Медиа претставува холдинг друштво кое е дел од потесната групација во состав на БЦ Партнерс – Јунајтед Груп (United Group, која обезбедува телекомуникациски и медиумски услуги во неколку држави од регионот. Јунајтед Медиа претставува трговско друштво кое управува со медиумски услуги и услуги за огласување во рамките на групацијата, вклучувајќи и производство и емитување на телевизиски канали, производство и набавка на програмски содржини и поврзани дејности.

БЦ Партнерс е присутен во Северна Македонија преку следните индиректно зависни друштва:

- Тотал ТВ ДОО Скопје, друштво основано согласно законите на Република Северна Македонија, со регистрирано седиште на адреса Булевар ВМРО бр. 3, Центар, Скопје, Република Северна Македонија, а кое се бави со дистрибуција на медиумски содржини преку DTH техничка платформа;
- ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, друштво основано согласно законите на Република Северна Македонија, со регистрирано седиште на адреса Орце Николов 68/3, Центар, Скопје, Република Северна Македонија, кое се бави со маркетиншки дејности; и
- УГИ ФИБЕР ДООЕЛ Скопје, друштво основано согласно законите на Република Северна Македонија, со регистрирано седиште на Булевар Партизански Одреди бр. 14, Центар, Скопје, Република Северна Македонија, кое се занимава со сателитски телекомуникации

Исто така, на територијата на Северна Македонија БЦ Партнерс, преку Јунајтед Груп, се присутни со обезбедување на следните услуги:

- телевизиски канали кои се емитуваат од страна на поврзани друштва, односно реемитуваат од страна на локални оператори, вклучувајќи ги N1, Grand, Cinemania, Sport Klub, Fight Channel, Pikaboo, Vavoom, IDJTV, Lov i Ribolov, Brainz, Nova S итн. (Јунајтед Медиа);
- услуги за огласување (Дирецт Медиа (Direct Media), Кас Медиа (Cas Media));
- телекомуникациски услуги (ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје; минимални приходи на локалниот пазар остваруваат Србија Бродбенд – Српске кабловске мреже д.о.о. Белград (Serbia Broadband – Srpske kablovske mreže d.o.o. Beograd) и Телемах д.о.о. Љубљана (Telemach d.o.o. Ljubljana).

Хостафрано Лимитед е друштво со ограничена одговорност кое е основано и кое работи во согласност со законите на Кипар. Дејностите на Хостафрано Лимитед се ограничени на поседување на удели во други друштва.

Хостафрано Лимитед вклучувајќи ги и неговите поврзани лица, не е присутен и не остварува било какви приходи во Република Северна Македонија.

Адеба Инвестментс Лимитед се занимава со обезбедување на услуги на интернет портали со општа

содржина, како и со продавање на простор за огласување на интернет. Во сопственост на Адеба Инвестментс Лимитед се интернет порталите: Спортдог (Sportdog): (https://sportdog.gr) и Њупост (Newpost): (https://newpost.gr/).

Адеба Инвестментс Лимитед вклучувајќи ги и неговите поврзани друштва, не е присутно и не остварува било какви приходи во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**